Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 203//0306
19.11 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на јавната седница одржана на 01.11.2024 година, врз основа на примена жалба од **Деспина Ковачевска,** го донесе следново:

## МИСЛЕЊЕ

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Текстот со наслов **„СИТЕЛ го откри целото име и презиме на возачот кој го управувал камионот“**, објавена на интернет порталот „Њуз24лајв“ (newz24live.com), на 03.10.2024 година, отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителката Деспина Ковачевска до Извршната канцеларија на СЕММ, на 09.10.2024 г. упати жалба за интернет порталот „Њуз24лајв“, за текстот со наслов **„СИТЕЛ го откри целото име и презиме на возачот кој го управувал камионот“** објавен на 03.10.2024 г., наведувајќи дека во текстот има нарушување на презумпцијата на невиност и заштитата на сведоците во судски постапки, а се изнесува сомневање и дека има нарушување и на приватноста. Имено, Ковачевска во жалбата го навела следново: „Дилемата ми е дали е од јавен интерес да се објави името на возачот што го возел камионот. Иако Сител прв објавува во текстот во кој известува за случката, порталот го зема името и става сензационалистички наслов "СИТЕЛ го откри целото име и презиме на возачот кој го управувал камионот", кој како да имплицира некаква вина на возачот. Иако се уште нема разрешница и случајот е во истрага, може да има импликација по безбедност на возачот“.

Жалителката во својата претставка, освен линкот до објавата достави и компјутерска снимка (скриншот) од целата објава.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот и првичното разгледувањето на жалбата од страна на Комисијата, стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни за наводите во жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителката и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

Медиумот, до крајниот рок за одговор согласно процедурите на СЕММ, не ја извести Канцеларијата со допис, ниту пак со некакво друго усно појаснување.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов **„СИТЕЛ го откри целото име и презиме на возачот кој го управувал камионот“**, објавена на интернет порталот „Њуз24лајв“ (newz24live.com), на 03.10.2024 година, отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што се прекршени членовите 7 и 8 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и, притоа, утврди дека станува збор за настан за кој известувале сите медиуми - за сообраќајна несреќа во која три лица го загубиле животот. Настанот е од голем интерес за јавноста, и ваквите теми се од јавен интерес, дотолку повеќе што несреќата се случила на магистрален пат, на кој нема свиоци и е со голема прегледност. Комисијата, исто така, утврди дека медиумот, иако до СЕММ и жалителката не доставил одговор, сепак реагирал и по приемот на жалбата ја избришал веста од порталот.

По разгледувањето на фактите, Комисијата навлезе во расправа за дилемите на жалителката и оцени дека тие се основани, односно дека има прекршување на етичките стандарди при известувањето. Имено, иако содржината на текстот не е спорна и во него се изнесуваат само факти и информации, сепак порталот, како што стои во жалбата, го употребува името и презимето, односно личен податок на еден од учесниците во настанот и става сензационалистички наслов „СИТЕЛ го откри целото име и презиме на возачот кој го управувал камионот“. На овој начин медиумот имплицира вина кај возачот, иако се уште нема разрешница, случајот е во истрага и може да има импликација по безбедноста на возачот.

Комисијата оцени дека објавувањето на името на возачот не е од јавен интерес, особено не во оваа фаза од постапката. Иако постои интерес на јавноста, постапката на порталот е неетичка, има сензационалистички пристап што често од медиумите се користи со цел да се постигне максимална посетеност на посочениот текст. Ова не може да биде оправдување за објавувањето на името и презимето на возачот на камионот што учествувал во сообраќајната несреќа.

На расправата беше посочено и прашањето за безбедноста на возачот, но и за неговиот углед, особено доколку во истрагата и во натамошниот судски тек за овој настан се утврди дека возачот не бил виновен. Пред Комисијата и публиката која присуствуваше на јавната седница беше изразена и дилемата - дали порталот намерно во насловот го споменува Сител за да се амнестира од сензационализмот или пак, можеби, го критикува Сител за објавувањето на името на возачот.

Врз основа на сите разгледани аспекти на случајот, Комисијата немаше дилеми дека со објавата се прекршени два члена од Кодексот на новинарите на Македонија. Станува збор за **членот 7**, кој говори за обврската на новинарите да ја чуваат приватноста на лицата за кои известуваат освен во случај на јавен интерес, а тука не е утврден, како и за **членот 8** кој ги пропишува етичките стандарди при известување од несреќи и семејни трагедии и според кој известувањето мора да биде ослободено од сензационализам.

**Член 7**
Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ги почитува личната болка и жалост.

**Член 8**
Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми. Во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумпција на невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски Сефер Тахири, Зеријета Јајага, Снежана Трпевска, Жана Божиновска и Тамара Чаусидис.

*Согласно член 8 од Статутот на СЕММ и член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, медиумот е должен ова мислење да го објави во рок од три дена од добивањето на истото место каде што бил објавен и текстот со кој е прекршен Кодексот.*

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595